АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ

Република Македонија

тел. 02 3254 050
факс: 02 3290 240
адреса: Васил Главинов бр.12,
ТЦЦ Плаза, кат 2,
1000 Скопје
е пошта: contact@aso.mk
www.aso.mk

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА
НА ОСИГУРУВАЊЕ

Бр. 0803-299/1
07-03 2014 год
СКОПЈЕ

До: ____________________________

____________________________

Предмет: Известување

6.3.2014

Почитувани,

Во согласност со одредбите од членот 151 точка 2 од Законот за супервизија на осигурување и членот 4 од Правилникот за содржината на извештаите кои друштвата за застапување во осигурување, осигурително брокерските друштва и банките ги поднесуваат до Агенцијата за супервизија на осигурување и крајни рокови и начини на поднесување на истите, осигурително брокерското друштво, друштвото за застапување во осигурување и банката се должни да ја известуваат Агенцијата за супервизија на осигурување за структурата и обемот на осигурително брокерските работи, односно работите на застапување во осигурување по одделни друштва за осигурување на квартална основа.

Имајќи предвид дека известувањето, согласно наведените одредби, за четвртиот квартал опфаќа период на работење кој се совпаѓа со пресметковниот период за кој се изготвуваат финансиски извештаи, Ве известуваме за следново.

1. При подготвувањето на финансиските извештаи, субјектите да се придржуваат кон насоките за водење на сметководство и финансиско известување од 28.12.2011 г., објавени на интернет страната на Агенцијата за супервизија на осигурување;

2. Рокот за поднесување на финансиските извештаи за претходната деловна година по електронски пат до Агенцијата за супервизија на осигурување е 31 март од тековната деловна година;

3. Со цел обезбедување на конзистентност во известувањата, субјектите се должни да ги проверат податоците од финансиските извештаи пред да ги поднесат по електронски пат со цел да утврдат дали податоците за приходи од продажба искажани на позицијата (АОП) 202 од билансот на успех се конзистентни на податоците за реализирана провизија прикажана во статистичките извештаи за истиот пресметковен период.

АГЕНЦИЈА ЗА
СУПЕРВИЗИЈА НА
ОСИГУРУВАЊЕ

Република Македонија

тел. 02 3254 050
факс: 02 3290 240
адреса: Васил Главинов бр.12,
ТЦЦ Плаза, кат 2,
1000 Скопје
е-пошта: contact@aso.mk
www.aso.mk

Доколку при изготвување на финансиските извештаи се утврди дека податоците за работењето прикажани во статистичките извештаи за четвртиот квартал не се точни, тогаш треба да се достави барање за повторно поднесување на статистичките извештаи до Агенцијата за супервизија на осигурување, без разлика дали биле претходно одобрени, во кое ќе се наведе детално образложение за причините за поднесување на барањето.

Овој циркуларен допис ќе се применува од поднесувањето на финансиските извештаи за 2013 година.

Со почит,

Зоран Стојановски

Извршен член на Советот на експерти

АГЕНЦИЈА ЗА СУПЕРВИЗИЈА НА ОСИГУРУВАЊЕ СКОПЈЕ

*Доставено до:*

*Осигурително брокерските друштва*

*Друштвата за застапување во осигурување*

*Банките кои вршат работи на застапување во осигурување*